ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ВКУПНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# СО СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИХОДИТЕ И
# РАСХОДИТЕ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА
# И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА
# “ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ЗА
# ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА”

01 2020 04 12

Скопје, мај 2021

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 20 |
| Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања за периодот од 22.06.2020 до 12.08.2020 година | 21 |
| Основни политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 22 -24 |
| - Основни политики | 24- 28 |
| - Финансиски извештај за приходите и расходите | 28 -30 |
| Прилози | |
| Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија
ДИК – Државна изборна комисија
ЕДБ – Единствен даночен број
Финансиски извештај - Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-477/4

Дата: 12.05.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Извршивме ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година. Финансискиот извештај, предмет на ревизија го опфаќа периодот од 22.06.2020 до 12.08.2020 година.

За финансискиот извештај за приходите и расходите на сметката Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, а за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики се воздржуваме од изразување мислење.

Со ревизијата констатирани се следните состојби:

- во вкупниот финансиски извештај не се искажани приходите обезбедени од Буџетот на РСМ за платено политичко рекламирање и расходите по основ на платено политичко рекламирање кои се исплатени преку ДИК по основ на Договори за асигнација за примени услуги за платено политичко рекламирање и истите не се евидентирани во сметководствената евиденција, како и на сметката на учесникот во изборната кампања;
- финансирање на изборната кампања од средства остварени од јавни извори за финансирање, односно од Буџетот на РСМ и
- вкупниот финансиски извештај не е изготвен согласно пропишаниот образец.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ги обелоденуваме следните состојби:

- структурата на изворите на финансирање на изборната кампања за предвремените парламентарни избори 2020 година на Политичката партија Левица, согласно која 39% од средствата за изборната кампања се обезбедени од Буџетот на РСМ за платено политичко рекламирање преку ДИК и
- ДИК има донесено одлука со која ја утврдила просечно постигнатата цена и најниската цена за платено политичко рекламирање од страна на радиодифузерите, печатените медиуми, но не и за електорнските медиуми (интернет порталите).

Во делот за останати прашања, истакнуваме одредени неусогласености во Изборниот законик и тоа:

- потреба од преиспитување на член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија, како и допрецизирање на наведениот член во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства финансирани/донирани од физички и правни лица;
- да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии;
- законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, како и кога се прикажани повеќе расходи од приходи, односно неплатени обврски;
- пропишување на критериуми кои ќе се применуваат при распределба на средствата за платеното политичко рекламирање од Буџетот на РСМ и тоа помеѓу двете најголеми политички партии од позицијата, опозиција и партиите кои не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група или не се застапени во Собранието на РСМ;
- пропишување на обврска за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во РСМ и градот Скопје;
- да се преземат активности за доуредување на Изборниот законик во делот на определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали);
- уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи;
- да се преиспита утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања;

- доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските/ финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови/ извори на финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка;
- доуредување на Изборниот законик со што во делот на Казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа;
- номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување и
- Собранието на РСМ да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи со уставот и со правниот систем.

Надлежните институции потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на овластеното лице на Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека две претставуваат образложение за причините за констатираните состојби и не се прифаќаат, додека една претставува известување за преземени мерки и активности.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 20 заедно со ревизија на усогласеност на сметката Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година кој се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 22.06.2020 до 12.08.2020 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година, поради тоа што сметката е отворена за еден изборен процес.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година застапуван од:

- Јована Мојсоска, овластено лице.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на учесникот во изборната кампања се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Заради прашањата опишани во точка 3 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја

известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е составен според применливата рамка за финансиско известување во РСМ.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.11.2020 до 04.12.2020 година кај Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице на учесникот во изборната кампања, одржан на ден 23.12.2020 година.

Од страна на овластеното лице на Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-477/1 од 22.03.2021 година, истите се разгледани и утврдено е дека две претставуваат образложение за причините за констатираните состојби и не се прифаќаат, додека една забелешка претставува известување за преземени мерки и активности по констатираните состојби и истите се соодветно обелоденети во извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Вкупниот финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, предвиден во член 85 од Изборниот законик како и Извештаите предвидени во член 84-б од Изборниот законик не се изготвени на пропишаниот образец од Правилникот[1] за извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања и извештајот за донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања од 2020 година, односно истите се изработени на образец по стариот Правилник[2] од 2013 година кој не ги содржи прилозите на детален преглед на приходите и расходите, со Спецификација на трошоците.

Наведените состојби влијаат на транспарентно и реално известување за приходите и расходите за изборната кампања, согласно законски утврдениот

[1] “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 80/20
[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 21/13

начин.

Со доставените забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, од страна на одговорното лице добиено е известување и прилог докази за преземени дополнителни активности. Имено, до Министерство за финансии доставено е барање за спроведување на обуки за финансиско работење на партиите број ИП 278/20 од 02.12.2020 година, во врска со член 27 став 7 од Законот за финансирање на политичките партии каде е уредено дека Министерството за финансии најмалку еднаш годишно треба да спроведува обуки на политичките партии за материјално-финансиско работење и начинот на пополнување на финансискиот извештај, за што е добиен повратен одговор број 13-8384/2 од 17.12.2020 година од Министерството за финансии, во кој е образложено дека обуки за материјално финансиското работење и за начинот на пополнување на финансискиот извештај ќе се спроведат во наредниот период.

Препорака:
Надлежните органи на политичката партија во иднина, при организирање на избори, изготвувањето на финансиските извештаи од спроведените избори да го вршат соодветно на начин предвиден во законската регулатива.

3.1.2. Средствата за редовно работење на политичките партии, согласно Законот за финансирање на политичките партии се остваруваат од јавни извори за финансирање - средства од Буџетот на РСМ и од приватни извори на финансирање: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.
Изворите на средства за финансирање на изборната кампања се уредени со членот 83 од Изборниот законик. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[3], како извори на финансирање се утврдени:
- средства од редовната сметка на политичката партија,
- членарина на политичката партија,
- донации на политичка партија,
- донации од физички и правни лица и
- кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

За дадената можност изборната кампања да се финансира и од средства од редовната сметка на политичката партија во член 57 од Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година, е уредено дека овој извор на финансирање .......„*нема да се применува за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2020 година*“....

[3] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20

Со ревизијата утврдивме дека од сметката за редовно работење на политичката партија, на сметката за изборна кампања се префрлени средства во вкупен износ од 3.680 илјади денари. Овие средства се средства остварени од јавни извори за финансирање, односно од Буџетот на РСМ.

Преносот на средствата е извршен согласно член 71 став 7 од Изборниот законик, каде е уредено дека ...*„на трансакционата сметка за изборна кампања може да се депонираат и средства од основната жиро-сметка на политичката партија ..... Политичката партија може да врши пренос од трансакциската сметка за изборна кампања на основната жиро-сметка на партијата*“, со што создадена е можност за трансфер на средства помеѓу жиро-сметките без да се прецизира дали трансферираните средства ќе бидат извор на финансирање на изборната кампања или учесниците ќе имаат обврска да ги вратат средствата на сметката на политичката партија за редовно работење, односно на посебните жиро-сметки за средствата обезбедени преку кредит, како и роковите и начинот за враќање на истите.

Ваквиот начин на финансирање на изборната кампања го ограничи потврдувањето на законските извори на финансирање на изборната кампања.

Препорака:

Финансирање на изборната кампања да се врши исклучиво од извори на средства предвидени со Изборниот законик.

## 3.2. Финансиски извештај

3.2.1. Со член 76-д од Изборниот законик[4] е уредено плаќањето кон радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) за политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес согласно кој финансиските средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на РСМ, а ДИК истите ги исплаќа врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (поратали). Во постапката за реализација на исплатата на средствата, врз основа на член 1059 од Законот за облигационите односи[5], склучени се Договори за асигнација[6] помеѓу учесникот во кампањата, ДИК и радиодифузерите,

---

[4] “Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, Испр. 155/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, Испр. 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 146/19, 42/20

[5] „Службен весник на Република Македонија“ број 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09,161/09, 23/13 123/13, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.121 /2001 објавена во „Службен весник на Република Македонија “ бр.78/01 и Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.67/2002 објавена во „Службен весник на Република Македонија “ бр.59/02

[6] Во член 1059 од Законот за облигационите односи е определено „Со упатување (асигнација) едно лице, упатувач (асигнат) овластува друго лице, упатеник, (асигнант), за негова сметка да изврши нешто за

печатените медиуми и електронски медиуми (портали), со кои учесникот во изборната кампања ја овластува ДИК во негово име да им исплати определен паричен износ на средства врз основа на доставен Договор, фактура, медиа план и Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали).

Со увид во поткрепувачката документација и начинот на вршење на сметководствената евиденција на трансакциите поврзани со извршените плаќања на парични средства од страна на ДИК, утврдивме дека не се земени во предвид член 17 и член 18 од Законот за платен промет[7] каде е уредено вршењето на платен промет со користење на платни инструменти, како и одредбите од дел II точка 8.4, потточка 18, став 6 од Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата[8], каде е пропишано дека вршењето на платниот промет со асигнација, треба да се реализира преку трансакциската сметка, со Налог за пренос (образец ПП30).

Средствата по овој основ, во износ од 2.836 илјади денари не се искажани во сметководствената евиденција и во Вкупниот финансиски извештај на сметката на изборна кампања на Левица за предвремени парламентарни избори 2020 година, како приходи и расходи за платено политичко рекламирање, што влијае на реалното и објективното презентирање на податоците во извештајот.

Истакнуваме дека во Вкупниот финансиски извештај на учесникот во изборната кампања, кој е составен дел на овој извештај, ревизијата ги прикажа вкупните приходи и расходи за платеното политичко рекламирање.

Препорака:

Одговорното лице на партијата во наредни изборни процеси "Плаќањата со пресметка", односно намирувањето на паричните обврски со асигнација и други облици на меѓусебно намирување на обврските, да ги врши преку платниот промет и трансакциските сметки.

## Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од наодите изнесени во точка 3.1.1., 3.1.2. и 3.2.1. е неприменет пропишан образец за финансиски извештај, финансирање на изборната кампања од средства остварени од јавни извори за финансирање и не искажани приходи и расходи по основ на платено политичко рекламирање.

---

определено трето лице, примач на упатување (асигнатор), а него го овластува да го прими тоа извршување од свое име„

[7] „Службен весник на Република Македонија„ број 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13,153/15, 199/15, 193/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ број 7/19

[8]„Службен весник на Република Македонија“ број 161/07, 56/08, 114/08, 149/08, 165/08, 95/09, 18/11, 77/12 и 197/17

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештај

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 3.2.1., финансискиот извештај на Политичката партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година, не го прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатот на финансиските активности за периодот, за периодот 22.06.2020 до 12.08.2020 година, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1. и 3.1.2. ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на Политичката партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Согласно член 83 став 2 од Изборниот законик изборната кампања може да се финансира од средства од редовната сметка на политичката партија, членарина на политичката партија, донации на политичка партија, физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност, правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност и кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, во изборниот процес, согласно член 76-д од изборниот законик, финансиските средства се обезбедуваат од средствата на Буџетот на РСМ, а се исплаќаат од страна на Државната изборна комисија.

Од извршената анализа на вкупните извори на финансирање на изборната кампања за предвремените парламентарни избори 2020 година на Политичка партија Левица, содржани во Вкупниот извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања, ревизијата утврди дека 39% од средствата за изборната кампања се обезбедени од Буџетот на РСМ за платено политичко рекламирање преку ДИК, додека 61% се пренесени средства од сметката за редовно работење на политичката партија Левица (детално образложено во точка 3.1.2.), што е прикажано на следниот графикон:

во 000 денари




5.2. Во член 75 - ѓ точка 11 од Изборниот законик, определено е дека .....„*Државната изборна комисија е должна да ја објави на нејзината веб-страница просечно постигнатата цена и најниската цена за платено политичко рекламирање од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во последните пет изборни циклуси, најдоцна до денот на распишување на изборите“*...... Постапувајќи по наведениот член од законот, Државната изборна комисија на ден 16.02.2020 година, донела Одлука за утврдување на просечно постигнатата цена и најниската цена за платено политичко рекламирање во последните пет изборни циклуси[9] која не ги содржи сите потребни податоци утврдени со наведениот член од законот. Имено, во одлуката не се наведени просечно постигнатите цени и најниската цена за платено политичко рекламирање од страна на електронските медиуми (интернет порталите) во последните пет изборни циклуси, определувајќи за истите само на вкупната сума од еден учесник во изборна кампања која не може да биде поголема од петнаесет илјади евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ, имајќи предвид дека оваа законска надлежност на ДИК е доделена со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020.

## 6. Останати прашања

### Финансирање на изборната кампања

6.1. Законот за финансирање на политичките партии[10] ги уредува изворите,

[9] архивирана под број 10-476/1

[10] „Службен весник на Република Македонија “број 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/20;

приходите и расходите на политичките партии, како и начинот на кој се врши надзорот и контролата на нивното финансирање. Средствата за редовно работење на политичките партии се остваруваат од јавни извори за финансирање, со средства од Буџетот на РСМ и од приватни извори на финансирање: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.

Со донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии[11] во 2004 година, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии беа утврдени во висина од 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ, додека со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките парии[12] од 2018 година истите се зголемени на 0,15% од изворните приходи на Буџетот на РСМ. Поради епидемијата со COVID 19, во јуни 2020 година со Уредбата со Законска сила за финансирање на политичките партии[13], процентот од изворните приходи е намален на 0,04%, за да во декември 2020 со Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките парии[14], процентот за финансирање на политичките партии е утврден во висина од 0,105% од изворни приходи на Буџетот на РСМ.

Со извршените ревизии за период 2016-2019 година на сметките на политичките партии за редовно работење констатиравме дека ваквите законски измени значително влијаат врз структурата на приходите на политичките партии.

Со анализата на приходите по видови на извори на финансирање, утврдивме дека учеството на јавното финансирање од Буџетот на РСМ за редовното работење на политичките партии бележи тренд на зголемување, (во интервал од 30% до 70%) наспроти тренд на опаѓање на учеството на приватните извори на финансирање во вкупните приходи (во интервал од 70% на 30%).

Истакнуваме дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[15], во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната сметка на политичката партија со тоа што овој вид на финансирање на изборната кампања „*нема да се применува за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2020 година*“[16].

Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на РСМ за финансирање на редовното работење на политичките партии да се прелеваат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи, што ќе доведе до

[11] „Службен весник на Република Македонија“ број 76/04;
[12] „Службен весник на Република Македонија“ број 140/18;
[13] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 166/20;
[14] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/20;
[15] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20;
[16] член 57 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик (Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20);

финансирање на изборната кампања со средства од Буџетот на РСМ во повисок износ од утврдениот во Буџетот на РСМ за секој поединечен изборен процес.

Ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирање на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија.

Исто така укажуваме дека уредувањето на изворите на финансирање на изборната кампања не даваат јасно разграничување, од причина што и средствата од членарина и средствата од донации на политичка партија повторно се средства од редовната сметка на политичката партија.

Имено, согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, донациите претставуваат приватни извори на финансирање на политичките партии, додека во член 16 од наведениот закон е уреден износот на поединечната донација и тоа:

- физички лица до висина од 30 просечни нето плати во Републиката и
- правни лица во висина од 60 просечни плати во Републиката,

исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика, кој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.02.2020 година, во член 83 став 2 уредено е дека изборната кампања може да се финансира и од:

- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност.

Ревизијата укажува дека во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства.

6.2. Во член 75 став 5 од Изборниот законик е пропишано дека „*радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), како и нивните поврзани лица не смеат на било каков начин да финансираат или да даваат донации на политичките партии*“. Како поврзани лица се сметаат лицата дефинирани во членот 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Дефинираниот опфат на поврзани лица го отежнува нивното препознавање во случај кога истите се јават како донатори во изборна кампања.

Поради наведеното ревизијата смета дека е потребно во Изборниот законик да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии.

6.3. Во член 85 став 5 од Изборниот законик уреден е начинот на постапување на група избирачи како учесници во изборна кампања, во случаи кога постои вишок на собрани средства на сметката за изборна кампања, за кои е предвидено да се подарат во добротворни цели.

Ревизијата смета дека постои потреба од законско регулирање на одредбите од член 85 од Изборниот законик, во делот на начинот на постапување за случаите кога во Вкупниот финансиски извештај се прикажани:

- вишок на собрани средства, кога како учесник во изборната кампања не се јавува само група на избирачи, туку и политичка партија или коалиција, со што ќе се обезбеди еднакво постапување за сите учесници во изборната кампања дефинирани во член 2 став 1 точка 14 од Изборниот законик и
- повеќе расходи од приходи, односно неплатени обврски, во насока на пропишување на одредба со која ќе се уреди дека учесникот во изборната кампања може да преземе обврски само во рамки на обезбедените средства, имајќи го притоа во предвид член 71, став 10 од Изборниот законик, во кој е уредено дека сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на сметката за изборна кампања.

6.4. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакнуваше потребата од пропишување на начинот на утврдување и висината на вкупните средствата кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на РСМ за платеното политичко рекламирање, како и начинот и критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства по одделните учесници во изборната кампања.

Имено, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020), со измената на член 76-д уреден е начинот на утврдување и висината на вкупните средствата кои ќе се обезбедуваат од Буџетот на РСМ за платеното политичко рекламирање, кои не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на РСМ.

Во однос на критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства по одделните учесници во изборната кампања, утврдена е распределба на вкупните средства и тоа:

– најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на РСМ освоиле најмногу гласови,

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од опозицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на РСМ освоиле најмногу гласови,
- најмногу 10% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на РСМ кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на РСМ или кандидати.

Истакнуваме дека со наведените измени и дополнувања на Изборниот законик, не се пропишани поконкретни критериумите кои ќе се применуваат при распределба на овие средства помеѓу партиите кои не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група или не се застапени во Собранието на РСМ, поради што ревизијата смета дека има потреба од доуредување на Изборниот законик во овој дел.

Согласно Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, за изборната кампања во 2020 година ДИК има исплатено средства во износ од 196.358 илјади денари, поодделно по учесници во изборниот процес, прикажано во графиконот подолу.




Рекламни паноа и билборди

6.5. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања во минати години, овластениот државен ревизор ја истакна состојбата со закупот на рекламни паноа и билборди, како платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања и потребата за изготвување и доставување на извештаи за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, од страна на правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Републиката и градот Скопје.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) извршено е дополнување на член 78-а, став 8, каде е уредено дека правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни да поднесат извештај за доделените локации за секој учесник во изборната кампања, средствата кои се побаруваат од секој учесник како и средствата кои се наплатени, но не пропишана наведената обврска и за општините во РСМ и градот Скопје да изготват и достават извештај за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, поради што отежнато е потврдувањето на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди.

За надминување на утврдената состојба односно за зголемување на транспарентноста на вкупното и поединечното политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на одредбите од Изборниот законик во делот на пропишување на обврската за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на општините во РСМ и градот Скопје.

## Следење на медиумско претставување на учесниците во изборна кампања на електронските медиуми (интернет портали)

6.6. Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година извршено е менување на член 76-в со кој за електронските медиуми (интернет портали) наместо Агенцијата, ДИК добива надлежности во делот на следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали), како и покренување на прекршочни постапки против истите во случај на непостапување по законикот.

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од февруари 2019 година и февруари 2020 година, сите горенаведени активности кои треба да ги спроведува ДИК во однос на надзорот на интернет порталите се бришат, без определување на институција надлежна за следење и надзор на изборното медиумско претставување преку интернет порталите.

Истакнуваме дека останата е законската обврска електронски медиуми

(интернет портали) да се регистрираат во Регистарот на електронски медиуми (интернет портали) кои обезбедуваат платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања, кој го води ДИК, да доставуваат ценовници и Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

Наведената состојба упатува на потреба во Изборниот законик да се определи надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали).

### Изборна кампања-интернет претставувањето

6.7. Во член 69-а од Изборниот законик е уредено е дека за изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

Истакнуваме дека за интернет претставувањето кое учесниците во изборната кампања го вршат преку социјалните мрежи не е уреден начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за овој вид на изборно претставување.

### Рок за уплата на донации

6.8. Согласно член 71 став 6 од Изборниот законик, донациите за финансирање на изборната кампања можат да се уплатуваат на трансакциската сметка на учесниците во изборната кампања најдоцна до денот на затворањето на сметката односно 60 дена по објавувањето на конечните резултати, давајќи законска можност за уплата на донации и по објавувањето на конечноста на резултатите од изборната кампања.

Исто така Извештај со образец за примените донации на трансакциската сметка за финансирање на изборната кампања, кој учесникот во изборната кампања е должен согласно член 84-б став 3 од Изборниот законик да го достави до надлежните институции еден ден по завршување на изборната кампања, не ги содржи сите уплатени донации односно донациите за период од 60 дена и тоа од денот на објавувањето на конечните резултати до денот на затварање на сметката.

Имајќи ги предвид наведените состојбите ревизијата смета дека во Изборниот законик потребно е да се преиспита вака утврдениот краен рок за уплата на донации односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

Финансиски извештаи

6.9 Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во февруари 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/2020) извршено е дополнување на член 84-б со став 8, каде е уредено дека .....„*Финансиските извештаи на учесникот во изборната кампања е должен да ги изготви според одредбите на Законот за сметководството за непрофитните организации„....*

Истакнуваме дека во член 17 од Законот за сметководството за непрофитните организации е уредено дека непрофитните организации се должни да состават основни финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходи и расходи и белешки кон финансиските извештаи.

Имајќи предвид дека во член 85 став 1 од Изборниот законик е уредено дека „*Учесникот во изборната кампања е должен ......... да поднесе Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„*, ревизија смета дека потребно е да се изврши доуредување на член 84-б, став 8 од Изборниот законик со кој ќе се даде можност Министерството за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските / финансискиот извештај за изборната кампања почитувајќи ги сите видови / **извори на** финансирање на изборната кампања кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка.

Исто така во однос на именувањето на финансискиот извештај „*Вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања„* потребно е во називот да се усогласи терминот „трошоци“ со Законот за сметководството на непрофитните организации.

Казни и прекршочни одредби

6.10. Во член 189-а од Изборниот законик предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот или печатениот медиум и глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност на одговорниот уредник, кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања предвидено во член 85-а од Изборниот законик. Од причина што прекршочни казни се предвидени само за радиодифузери и печатени медиуми, а не и електронските медиуми (електронските портали) кои исто така имаат обврска за доставување на наведениот извештај, ревизијата е на мислење дека е потребно доуредување на Изборниот законик со што и електронските медиуми (електронските портали) ќе бидат опфатни во делот на Казни и прекршочни одредби.

Други препораки

6.11. Ревизијата укажува на потреба од номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување.

6.12. Правната рамка со која се уредува начинот, условите и постапката за избор на претседател на РСМ, за избор на пратеници во Собранието на РСМ, за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места, се темели на Изборниот законик.

Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија истиот е повеќе пати менуван и дополнуван и не постои пречистен текст.

Ревизијата смета дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на Изборниот законик и истиот терминолошки да го усогласи со уставот и со правниот систем.

ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ЗА ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА

СМЕТКА 370001100294502

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
ЗА ПЕРИОД 22.06.2020 - 12.08.2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 22.06.2020 - 12.08.2020 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од донации во пари, ствари и услуги | 3.1.1. | 17 |
| Парични средства пренесени од основната трансакциска сметка на политичката партија на трансакциската сметка за изборна кампања | 3.1.2. | 3,680 |
| **Вкупно приходи на трансакциската сметка за изборна кампања** | | **3,697** |
| Парични средства обезбедени за објавување на платено политичко рекламирање | 3.1.3. | 2,386 |
| **Вкупно приходи за изборна кампања** | | **6,083** |
| **Расходи** | | |
| Пресметани расходи по основ обврски за објавено платено политичко рекламирање | 3.2.1. | 2,386 |
| Превозни-транспортни услуги | 3.2.2. | 13 |
| Издатоци за реклама и пропаганда | 3.2.3. | 2,838 |
| Издатоци за репрезентација | 3.2.4. | 17 |
| Други материјални расходи | 3.2.5. | 6 |
| Провизија за платниот промет | 3.2.6. | 2 |
| Интелектуални и други услуги | 3.2.7. | 723 |
| Други расходи | 3.2.8. | 7 |
| Даноци и придонеси | 3.2.9. | 63 |
| **Вкупно расходи за изборна кампања** | | **6,055** |
| **Остварен вишок на приходи** | 3.3. | 28 |

**Политичка партија Левица**
ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 20-1/12; општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/885-645

Политичка партија ЛЕВИЦА
Бр. УП-119/21
29.04.2021 год
СКОПЈЕ

**Д О: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
Палата Емануел Чучков, ул. „Јордан Мијалков“ – 1000 Скопје
тел. 02/32-11-262 | факс: 02/31-26-211| www.dzr.mk | dzr@dzr.gov.mk

**О Д: Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 20-1/12; општина Центар – 1000 Скопје

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено: 29.04.2021
Орг. Един.: Број: 10-477/3

# П О Д Н Е С О К
## ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ-ИЗВЕШТАЈОТ
НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА

Врз основа на член 30, ст. 2 од *Законот за државната ревизија* (Сл. весник на РМ бр. 66/2010 и 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18) во законоски предвидениот рок од 30 дена, ги поднесуваме нашите **з а б е л е ш к и** на *Нацрт-извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања и ревизија на усогласеност на ПП Левица за изборна кампања за Предвремените парламентарни избори 2020 година – бр. 10-477/1 (од 22.03.2021)*, поточно на констатираните состојби во истиот.

1. Во врска со констатираната состојба, дека: „Во Вкупниот финансиски извештај не се искажани приходите обезбедени од Буџетот на РМ за платено политичко рекламирање и расходите по основ на платено политичко рекламирање кои се исплатени преку ДИК, по основ на Договори за асигнација за примени услуги за платено политичко рекламирање и истите не се евидентирани во сметководствената евиденција, како и на сметката на партијата во изборната кампања“ – упатуваме забелешка дека, врз основа на деловен и тековен ***Договор за вршење на сметководствени работи бр. 0403-1 (06.03.2019)***,[1] кој Политичката партија Левица [како „Корисник на услугите“] го склучила со „**Туртел Инкубатор**“ **ДООЕЛ Штип** [како „Дател на услугите“], се уредуваат меѓусебните права и обврски во врска со вршењето на сметководствените работи за потребите на ПП Левица. Во член 2 од Договорот, со кој се уредуваат правата и обврските на давателот, во точка 1.5, е предвидена обврска на Давателот на услугите за „подготовка, составување и

[1] Во прилог Ви доставуваме примерок од цитираниот основен Договор, кој соодветно е продолжен со анекс.

потпишување на годишна сметка и финансиски извештаи, во согласност со законските прописи“! Вака утврдената обврска во Договорот значи дека ПП Левица – сосем законски, професионално и согласно добрите деловни обичаи – во целост ја доверила подготовката, составувањето и потпишувањето на финансиските извештаи кои Партијата е должна да ги поднесе до надлежните надзорни институциина, на правно лице кое, согласно закон, е овластено од државата за давање сметководствени услуги на пазарот. Поради тоа, оваа констатирана состојба, не е предизвикана по вина на ПП Левица, оти основна обврска на лиценирaн сметководител е тој да води сметка за сите законски и подзаконски прописи кои се однесуваат и ја регулираат неговата стручна работа и оваа доста сложена и еснафска книговодствена материја, која е продложна на пречести законски измени (пр. *Законот за платен промет*, *Законот за сметководството на непрофитните организации*, *Законот за облигационите односи*, *Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платен промет во земјата* и др.).

Дополнително, сумите коишто Државната изборна комисија ги исплатила на медиумите (ТВ и радио) на кои течеле нашите платени реклами и предизборни спотови, **воопшто не поминале низ нашата посебна трансакциска изборна сметка**, затоа што ние со медиумските компании само склучивме договори за политичко рекламирање, т.е. закуп на медиумски простор, а плаќањето на таа услуга – согласно тогашните измени на *Изборниот законик* – ја изврши ДИК, а не ние. Потенцираме дека, исплатата беше директно на медиумот, без притоа тие парични средства од ДИК воопшто да поминат преку нашата посебна сметка, отворена само за конкретните парламентарни избори.

2. Во врска со констатираната состојба, дека: „Изборната кампања се финансирала од средства остварени од јавни извори за финансирање, односно од Буџетот на РМ“ – упатуваме забелешка, поткрепена со законски одредби кои не ја забрануваат таквата активност, а согласно членот 8, ст. 2 од *Уставот на РМ* (1991): „Во Република Македонија слободно е сѐ што со Уставот и законот не е забрането“!

Argumentum a fortiori, ова изрично го дозволува и актуелниот важечки ***Изборен законик*** (Сл. весник на РМ бр. 40/2006 и 127/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20, 74/21), кој досега е рогиран, т.е. изменуван и дополнуван над триесетина пати [!?] – што е тешко за снаоѓање и за правниците, а камоли пак за граѓаните-лаици. Дополнително, овој значаен правен извор кој, патем речено, воопшто не ја пружа потребната правна сигурност, во време на прогласената

вонредна состојба заради справување со пандемијата на КОВИД-19, беше менуван и дополнуван и со наумесни владини „уредби со законска сила", непосредно пред денот на самите избори – што е спротивно на сите меѓународни стандарди и на добрите практики дефинирани од страна на ОБСЕ/ОДИХР. Но, и во ваквиот проблематичен законик, поточно во **чл. 71, ст. 7**, е предвидена и дозволена можност, на трансакциската сметка за прибирање на средства за финансирање на изборната кампања да можат да се пренесуваат и парични средства од основната жиро-сметка на политичката партија, како и од посебните сметки за парични средства обезбедени преку кредит за изборна кампања. Политичката партија може да врши пренос од транскацисканата сметка за прибирање на средства за финансирање на изборната кампања на основната трансакциска сметка на политичката партија! Оваа одредба, не содржи никакви забрани за тоа дали трансферираните средства ќе бидат извор на финансирање на изборната кампања или учесниците ќе имаат обврска да ги вратат средствата на сметката на политичката партија за редовно работење; а не содржи ниту забрана, средствата од буџетот на државата да не смеат да бидат во делот на трансферираните средства.

Дополнително, оваа состојба, исто така, е констатирана и во Вашиот **Одговор во врска со наше поднесено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер – Бр. 10-547/2 (23.09.2019)**.[2] Во одговорот го посочувате чл. 83, ст. 2 од *Изборниот законик*, каде се пропишани изворите на финансирање на изборната кампања и тоа: „членарината на политичката партија и донациите од правни и физички лица". Оваа одредба е целосно спротивна на претходната од чл. 71, ст. 7 на ИЗ!? Впрочем, во одговорот, и самите Вие констатирате колизија, т.е. судир на законските одредби, и искажувате ревизорско мислење дека е потребно законско доуредување на ИЗ. Но, носител на законодавната власт во Република Македонија, согласно чл. 61 од УРМ, е Собранието, кое е овластено да дава и автентично толкување на законите. Следствено, политичките партии, како правни лица, се обврзани да ги почитуваат законите кои се во сила во моментот на преземање на одредено дејствие (позитивно-правен пристап de lege lata). Односно, сè додека Собранието на РМ, како претставнички орган на граѓаните и единствен уставен носител на законодавната власт, не донесе измени и допрецизирања во овие одредби од *Изборниот законик*, ние како партија имаме право и должност да ја почитуваме одредбата од членот 71, ст. 7 од ИЗ таква каква што е – а истата, како што констатиравме, ни дозволува трансфер на средства помеѓу трансакциската сметка за изборна кампања и основната партиска сметка, без ограничување на изворот на финансиските средства.

[2] Во прилог Ви доставуваме примерок од цитираниот Одговор.

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 20-1/12; општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070 | ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/885-645

3. Во врска со последната констатирана спорна состојба, дека: „Вкупниот финансиски извештај не е изготвен согласно пропишаниот образец“ – кој, пак, е предвиден во нов министерски *Правилник за за Образецот за извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања и извештај за примени донации на трансакциска сметка за финансирање на изборна кампања* (Сл. весник на РМ бр. 80/2020), како подзаконски општ правен акт – упатуваме оправдана забелешка дека, согласно чл. 27, ст. 7 од матичниот ***Закон за финансирање на политичките партии*** (Сл. весник на РМ бр. 76/2004 и 36/06, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13, 140/18, 294/20) – надлежното **Министерство за финансии**, за оваа мошне сензитивна и сложена правно-економска материја, токму поради тоа што е подложна на секојдневни, брзи и наконзистетни промени, е должно најмалку еднаш годишно да спроведе обуки на политичките партии за материјално-финансиското работење и начинот на пополнување на финансискиот извештај!

Врз таа основа, ПП Левица упати и официјално писмено *Барање за спроведување на задолжителните годишни обуки за финансиско работење на партиите бр. ИП-278/20* до Минстерството за финансии, на што – веќе кон крајот на годината – добивме паушален информативен **Одговор бр. 13-8384/2 (17.12.2020)**,[3] со кој од ресорното министерство само штуро потврдуваат дека вакви обуки, за тековната 2020 година, воопшто не се спроведени и дека истите се планираат во наредниот период – што значи, скоро шест месеци по одржувањето на *Предвремените парламентарни избори 2020 год.*!? Оттука, ноторен и разбирлив е фактот дека вака пропуштената законски предвидена должност на Министерството, мошне негативно се одразила врз капацитетот на ПП Левица за уредно пополнување на наведениот нов и детален образец, односно причинител и виновник за вака настанатата несакана ситуација е Министерството за финансии, а Левица е оштетен субјект кој, in concreto, претрпел штета од туѓото бирократско несторување, т.е. поради неизвршувањето на законската дожност на службениците вработени во МФ – во случајов од Секторот за финансиски систем.

***Подносител:***
***Јована Мојсоска***
(Лице одговорно за материјално-финансиското работење)

ПП ЛЕВИЦА
*проф. д-р* ***Димитар Апасиев***
(Претседател)

Скопје
26.IV.2021

[3] Во прилог Ви доставуваме примерок од цитираниот Одговор.

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 29.04.2021 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност на сметката Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година, број ИП-119/21 од 29.04.2021, од овластеното лице на пратијата, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-477/3 од 29.04.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.2.1**., која се однесува на тоа дека во вкупниот финансиски извештај не се искажани приходите обезбедени од Буџетот на РСМ за платено политичко рекламирање и расходите по основ на платено политичко рекламирање кои се исплатени преку ДИК, по основ на Договори за асигнација за примени услуги за платено политичко рекламирање и истите не се евидентирани во сметководствената евиденција, како и на сметката на учесникот во изборната кампања **не се прифаќа,** поради тоа што претставува образложение за причините за констатираната состојба.
   Доставениот доказ, Договор за вршење на сметководствени работи број V-88/19 од 06.03.2019 година, со кој е уреден начинот на користење на сметководствени услуги од страна на партијата, ревизијата го имаше предвид при вршење на ревизијата и истиот не влијае на констатираната состојба односно одговорноста за точноста и веродостојноста на финансиските извештаи е одговорност на одговорното лице согласно член 12 став 6 од Законот за сметководството за непрофитни организации, каде е уредено дека ....*„непрофитните организации водењето на сметководството можат да го доверат на овластена стручна организација со тоа што со тоа не се намалува одговорноста на одговорните лица на непрофитните организации за целокупното сметководство“*....
   Во однос на евидентирањето на приходите и расходите за платено политичко рекламирање со средства од Буџетот на РСМ истакнуваме дека со член 17 и член 18 од Законот за платниот промет е уредено вршењето на платен промет со користење на платни инструменти, како и со одредбите од дел II точка 8.4, потточка 18, став 6 од Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата, каде е пропишано дека вршењето на платниот промет со асигнација, треба да се реализира преку трансакциската сметка, со Налог за пренос (образец ПП30).

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.2.**, која се однесува на финансирање на изборната кампања од јавни извори односно од средства од Буџетот на РСМ **не се прифаќа**, поради тоа што претставува образложение за причините за констатираната состојба. Доставениот доказ, Одговор на барање број ДП-87/19 од 25.09.2019 година, се однесува на даден одговор по основ на поднесено барање за информации во однос на одредени одредби од Изборниот законик од претходни години, изменети во 2020 година и не се во важност за предвремени парламентарни избори во 2020 година. Имено, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година, како извори на финансирање се утврдени:
    - средства од редовната сметка на политичката партија,
    - членарина на политичката партија,
    - донации на политичка партија,
    - донации од физички и правни лица и
    - кредити на политичката партија наменети за изборна кампања.

   За дадената можност изборната кампања да се финансира и од средства од редовната сметка на политичката партија, во член 57 од Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година е уредено дека овој извор на финансирање .......„*нема да се применува за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат во 2020 година*"....

3. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.1.1.**, која се однесува на тоа дека вкупниот финансиски извештај не е изготвен согласно пропишаниот образец преставува **известување** за причините за констатираната состојба, кои соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор. Имено, до Министерство за финансии доставено е барање за спроведување на обуки за финансиско работење на партиите број ИП 278/20 од 02.12.2020 година, во врска со член 27 став 7 од Законот за финансирање на политичките партии каде е уредено дека Министерството за финансии најмалку еднаш годишно треба да спроведува обуки на политичките партии за материјално-финансиско работење и начинот на пополнување на финансискиот извештај, за што е добиен повратен одговор број 13-8384/2 од 17.12.2020 година од Министерството за финансии, во кој е образложено дека обуки за материјално финансиското работење и за начинот на пополнување на финансискиот извештај ќе се спроведат во наредниот период.